# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

**Број 6** **Среда, 1 Јуни 2022** **Демир Капија**

**1442 Демир Капија, ул. 11 Октомври бб тел/факс: (+389 43) 364 100, e-mail: opstinadk@yahoo.com**

## С О Д Р Ж И Н А


1. *Заклучок за симнување на точка од дневен ред...........................................................................*
2. *Одлука за резервирани средства во Буџетот на Општина Демир Капија за експропријација на земјиште за градење од објект од јавен интерес од локално значење – "Реконструкција на улица во с.Чифлик"...........................................................................................................*
3. *Одлука за резервирани средства во Буџетот на Општина Демир Капија за експропријација на земјиште за градење од објект од јавен интерес од локално значење – "Изградба на улици бр.1, бр.2 и бр.3 во с.Бистренци"..........................................................................................*
4. *Одлука за давање согласност за финансиско учество во предлог-проектот **"Изградба на крак на улица "Партизанска", Општина Демир Капија"**.........................................................*
5. *Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Струмица и општина Демир Капија.........................................................................................................*
6. *Одлука за давање на трајно користење на движни ствари.......................................................*
7. *Одлука за примање и давање на користење на движни ствари-опрема на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија.......................................................................................................*
8. *Програма за измена и дополна на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2022 година.........................................................................................*
9. *Решение за давање Согласност на Правилник за внатрешна организација на работни места и Правилник за систематизација на работните места во Јавната општинска установа за деца – Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија................................*
10. *Решение за именување на Командант, Началник и членови на Општинскиот штаб за заштита и спасување......................................................................................................................*
11. *Решение за избор на директор на општинска установа Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија.........................................................................................................................*
12. *Решение за избор на Директор на јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА од Демир Капија.........................................................................................................................*

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за симнување на точка од дневен ред**

Се објавува Заклучок за симнување на точка од дневен ред, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 31.05.2022 година.

Број 09 –444/1
01.06.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), Советот на Општина Демир Капија на IX-та седница одржана на 31.05.2022 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
за симнување на точка од дневен ред

1. Советот на Општина Демир Капија ја симнува од дневен ред точката 1 "Предлог-Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 1.28, ГП 1.29 и ГП 1.30 од УП за село Чифлик (Одлука бр.08-268/4 од 12.04.2021) КО Чифлик, Општина Демир Капија.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 424/4
31.05.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за резервирани средства во Буџетот на Општина Демир Капија за експропријација на земјиште за градење од објект од јавен интерес од локално значење**

Се објавува Одлука за резервирани средства во Буџетот на Општина Демир Капија за експропријација на земјиште за градење од објект од јавен интерес од локално значење, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 31.05.2022 година.

Број 09 –444/2
01.06.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 26 став 1 точка 6 а во врска со член 7 став 1 алинеја 8, член 9 став 2 и член 23 од Законот за експропријација ("Службен весник на РМ" бр.95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16 и 178/16 и "Службен весник на РСМ" бр.122/21), Советот на Општина Демир Капија на IX-та седница одржана на ден 31.05.2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За резервирани средства во Буџетот на Општина Демир Капија за експропријација на земјиште за градење од објект од јавен интерес од локално значење**

**Член 1**

Со оваа Одлука се резервираат средства во Буџетот на Општина Демир Капија во висина од 585.750,00 денари, за потполна експропријација на земјиште за реализација на јавен интерес од локално значење – "Реконструкција на улица во с.Чифлик".

**Член 2**

Со експропријацијата за реализација на јавен интерес од локално значење, ќе престане правото на сопственост на физичкото лице (приватна сопственост) а ќе се заснова правото на сопственост на општина Демир Капија (општинска сопственост) на земјиште со вкупна површина од 1562м2 и тоа:

- Дел од КП 404 новоформирана КП бр.404/2 КО Чифлик ИЛ бр.254 ............7 м2;
- Дел од КП 458 новоформирана КП бр.458/2 КО Чифлик ИЛ бр.529 ...........73 м2;
- Дел од КП 457 новоформирана КП бр.457/2 КО Чифлик ИЛ бр.406 .........129 м2;
- Дел од КП 408 новоформирана КП бр.408/2 КО Чифлик ИЛ бр.292 ...........79 м2;
- Дел од КП 456 новоформирана КП бр.456/2 КО Чифлик ИЛ бр.395 .........179 м2;
- Дел од КП 454 новоформирана КП бр.454/2 КО Чифлик ИЛ бр.301 ............9 м2;
- Дел од КП 454 новоформирана КП бр.454/3 КО Чифлик ИЛ бр.301 ...........34 м2;
- Дел од КП 410 новоформирана КП бр.410/2 КО Чифлик ИЛ бр.333 ...........27 м2;
- Дел од КП 411/1 новоформирана КП бр.411/5 КО Чифлик ИЛ бр.581 ............2 м2;
- Дел од КП 418 новоформирана КП бр.418/2 КО Чифлик ИЛ бр.362 .........471 м2;
- Дел од КП 163 новоформирана КП бр.163/2 КО Чифлик ИЛ бр.292 ...........50 м2;
- Дел од КП 421 новоформирана КП бр.421/2 КО Чифлик ИЛ бр.157 ............8 м2;
- Дел од КП 161 новоформирана КП бр.161/2 КО Чифлик ИЛ бр.416 ...........53 м2;
- Дел од КП 423 новоформирана КП бр.423/2 КО Чифлик ИЛ бр.295 ...........10 м2;
- Дел од КП 424 новоформирана КП бр.424/2 КО Чифлик ИЛ бр.66 ...............1 м2;
- Дел од КП 526/1 новоформирана КП бр.526/3 КО Чифлик ИЛ бр.458 ............1 м2;
- Дел од КП 526/2 новоформирана КП бр.526/4 КО Чифлик ИЛ бр.574 ............2 м2;
- Дел од КП 527/3 новоформирана КП бр.527/4 КО Чифлик ИЛ бр.574 ...........10 м2;
- Дел од КП 525 новоформирана КП бр.525/2 КО Чифлик ИЛ бр.257 ............2 м2;
- Дел од КП 515 новоформирана КП бр.515/2 КО Чифлик ИЛ бр.20 ..............1 м2;
- Дел од КП 515 новоформирана КП бр.515/3 КО Чифлик ИЛ бр.20 ..............9 м2;
- Дел од КП 510 новоформирана КП бр.510/2 КО Чифлик ИЛ бр.522 ............6 м2;
- Дел од КП 509 новоформирана КП бр.509/2 КО Чифлик ИЛ бр.558 ...........33 м2;
- Дел од КП 508/3 новоформирана КП бр.508/7 КО Чифлик ИЛ бр.555 ............5 м2;
- Дел од КП 507 новоформирана КП бр.507/2 КО Чифлик ИЛ бр.245 ............6 м2;
- Дел од КП 430 новоформирана КП бр.430/2 КО Чифлик ИЛ бр.387 ...........86 м2;
- Дел од КП 431 новоформирана КП бр.431/2 КО Чифлик ИЛ бр.559 ............2 м2;
- Дел од КП 432 новоформирана КП бр.432/2 КО Чифлик ИЛ бр.559 ............7 м2;
- Дел од КП 433 новоформирана КП бр.433/2 КО Чифлик ИЛ бр.548 ............4 м2;
- Дел од КП 500 новоформирана КП бр.500/2 КО Чифлик ИЛ бр.67 ............18 м2;
- Дел од КП 498 новоформирана КП бр.498/2 КО Чифлик ИЛ бр.27 ............21 м2;
- Дел од КП 497 новоформирана КП бр.497/2 КО Чифлик ИЛ бр.553 .........114 м2;
- Дел од КП 496 новоформирана КП бр.496/2 КО Чифлик ИЛ бр.553 ...........10 м2;
- Дел од КП 495 новоформирана КП бр.495/2 КО Чифлик ИЛ бр.326 ...........48 м2;
- Дел од КП 692 новоформирана КП бр.692/2 КО Чифлик ИЛ бр.1 .................1 м2;
- Дел од КП 491 новоформирана КП бр.491/2 КО Чифлик ИЛ бр.132 ...........28 м2;
- Дел од КП 492/1 новоформирана КП бр.492/3 КО Чифлик ИЛ бр.132 ............2 м2;
- Дел од КП 493 новоформирана КП бр.493/2 КО Чифлик ИЛ бр.361 ............4 м2;
- Дел од КП 697 новоформирана КП бр.697/2 КО Чифлик ИЛ бр.137 ...........10 м2;

**Член 3**

За експропријараната недвижност на физичкото лице сопственик/корисник на предметното земјиште ќе му се исплати праведен надоместок кој не може да биде понизок од пазарната вредност на недвижноста, утврдена под услови и на начин согласно со Законот за експропријација, според методологија, правила и стандарди согласно со Законот за процена.

Надоместокот е утврден со Проценка на недвижен имот П.бр.189/1 од 23.05.2022 година изработена од Друштво за интелектуални услуги и процена МЕТОДА ПЛУС ДООЕЛ Кавадарци.

**Член 4**

Надоместокот за експропријараната недвижност и трошоците на постапката паѓаат на товар на општина Демир Капија.

**Член 5**

Предлогот за експропријација го поднесува општина Демир Капија до органот на државната управа надлежен за имотноправните работи (орган за експропријација).

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 424/5
31.05.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за резервирани средства во Буџетот на Општина Демир Капија за експропријација на земјиште за градење од објект од јавен интерес од локално значење**

Се објавува Одлука за резервирани средства во Буџетот на Општина Демир Капија за експропријација на земјиште за градење од објект од јавен интерес од локално значење, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 31.05.2022 година.

Број 09 –444/3 Градоначалник на
01.06.2022 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 26 став 1 точка 6 а во врска со член 7 став 1 алинеја 8, член 9 став 2 и член 23 од Законот за експропријација ("Службен весник на РМ" бр.95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16 и 178/16 и "Службен весник на РСМ" бр.122/21), Советот на Општина Демир Капија на IX-та седница одржана на ден 31.05.2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За резервирани средства во Буџетот на Општина Демир Капија за експропријација на земјиште за градење од објект од јавен интерес од локално значење**

**Член 1**

Со оваа Одлука се резервираат средства во Буџетот на Општина Демир Капија во висина од 530,00 денари, за потполна експропријација на земјиште за реализација на јавен интерес од локално значење – "Изградба на улици бр.1, бр.2 и бр.3 во с.Бистренци".

**Член 2**

Со експропријацијата за реализација на јавен интерес од локално значење, ќе престане правото на сопственост на физичкото/правното лице (приватна сопственост) а ќе се заснова правото на сопственост на општина Демир Капија (општинска сопственост) на земјиште со вкупна површина од 101м2 и тоа:

- Дел од КП 650 новоформирана КП бр.650/2 КО Бистренци ИЛ бр.28 ........71 м2;
- Дел од КП 650 новоформирана КП бр.650/3 КО Бистренци ИЛ бр.28 ........28 м2;
- Дел од КП 652 новоформирана КП бр.652/2 КО Бистренци ИЛ бр.263 ........1 м2;
- Дел од КП 627 новоформирана КП бр.627/2 КО Бистренци ИЛ бр.83 ..........1 м2;

**Член 3**

За експроприраната недвижност на физичкото/правното лице сопственик/корисник на предметното земјиште ќе му се исплати праведен надоместок кој не може да биде понизок од пазарната вредност на недвижноста, утврдена под услови и на начин согласно со Законот за експропријација, според методологија, правила и стандарди согласно со Законот за процена.
Надоместокот е утврден со Проценка на недвижен имот П.бр.187/1 од 23.05.2022 година и Проценка на недвижен имот П.бр.188/1 од 23.05.2022 година изработени од Друштво за интелектуални услуги и процена МЕТОДА ПЛУС ДООЕЛ Кавадарци.

**Член 4**

Надоместокот за експроприраната недвижност и трошоците на постапката паѓаат на товар на општина Демир Капија.

**Член 5**

Предлогот за експропријација го поднесува општина Демир Капија до органот на државната управа надлежен за имотноправните работи (орган за експропријација).

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 424/6 Претседател на Совет на
31.05.2022 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за давање согласност за финансиско учество во предлог – проектот "Изградба на крак на улица "Партизанска", Општина Демир Капија"**

Се објавува Одлука за давање согласност за финансиско учество во предлог – **проектот "Изградба на крак на улица "Партизанска"**, Општина Демир Капија", што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 31.05.2022 година.

Број 09 –444/4
01.06.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), Советот на општина Демир Капија на седницата одржана на ден 31.05.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
За давање согласност за финансиско учество во предлог - проектот
**"Изградба на крак на улица „Партизанска“, Општина Демир Капија"**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за сопствено учество во предлог - проектот - **"Изградба на крак на улица „Партизанска“, Општина Демир Капија"** и за обезбедени 24% или 3.000.000,00 денари со ДДВ, од потребните средства за реализација.

**Член 2**

Вкупната вредност на инвестицијата изнесува 12.723.856,20 денари со ДДВ.

Општина Демир Капија како корисник на Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2022 година од корисниците на средствата, (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр.78/2022) во целост е одговорна за реализација на предлог - проектот. Финансиската поддршка за реализација на предлог - проектот од Министерството за локална самоуправа изнесува 76% од вредноста на одобрените прифатливи трошоци за реализација.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија"

Број 08 – 424/7
31.05.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Струмица и општина Демир Капија**

Се објавува Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Струмица и општина Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 31.05.2022 година.

Број 09 –444/5
01.06.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 4 и член 29 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“ бр. 79/09, член 14 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ““ бр.2/02), а согласно Одлуката бр.08-3004/1 од 29.04.2022 година донесена од советот на општина

Струмица, Советот на Општина Демир Капија, на 9-та седница одржана на 31.05.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Струмица и општина Демир Капија**

**Член 1**

Со оваа Одлука општина Демир Капија воспоставува меѓуопштинска соработка со општина Струмица за вршење работи од обласста на градежната инспекција - за обезбедување на услуги од општина Струмица за потребите на општина Демир Капија од обласста на градежната инспекција.

**Член 2**

Вршењето на определените работи од обласста на градежната инспекција, ќе се реализира со склучување договор помеѓу Градоначалникот на општина Струмица и Градоначалникот на општина Демир Капија, согласно член 29 од Законот за меѓуопштинска соработка.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во во „Службен гласник на Општина Демир Капија“.

Број 08 – 424/8
31.05.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за давање на трајно користење на движни ствари**

Се објавува Одлука за давање на трајно користење на движни ствари, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 31.05.2022 година.

Број 09 –444/6
01.06.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Демир Капија на седницата одржана на ден 31.05.2022 година донесе

**О Д Л У К А**
**За давање на трајно користење на движни ствари**

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Демир Капија и ги дава на трајно користење на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија, движните ствари од Проектот "Опремување на повеќенаменска сала на Дом на култура во Демир Капија (звучни кутии, микрофони, звучници, светла и др.)" и тоа:

| Ред. број | НАЗИВ НА ОСНОВНО СРЕДСТВО | ГОДИНА НА НАБАВКА | КОЛИЧИНА | НАБАВНА ВРЕДНОСТ (денари) | ИСПРАВКА | СЕГАШНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Дигитален миксер Soundcraft Si Impact | 2020 | 1 | 177.205,00 | 35.382,34 | 141.822,66 |
| 2 | Звучни кутии JBL PRX815W | 2020 | 4 | 249.272,00 | 49.772,69 | 199.499,31 |
| 3 | Звучни кутии JBL PRX825W | 2020 | 2 | 161.339,00 | 32.214,69 | 129.124,36 |
| 4 | Звучници Субвуфери JBL PRX818XLFW | 2020 | 4 | 297.062,00 | 59.314,78 | 237.747,22 |
| 5 | Звучни кутии JBL PRX812W | 2020 | 6 | 335.485,00 | 66.986,90 | 268.498,10 |
| 6 | Бежични микрофони Shure BLX24E/PG58 | 2020 | 4 | 56.965,00 | 11.374,07 | 45.590,93 |
| 7 | Динамични вокални микрофони Shure SM48-LC | 2020 | 12 | 49.893,00 | 9.961,76 | 39.931,24 |
| 8 | Кондензаторски инструментални микрофони Shure PGA81-XLR | 2020 | 4 | 29.630,00 | 5.915,86 | 23.714,14 |
| 9 | Сет микрофони за тапани AKG DRUMSET SESSION I | 2020 | 1 | 18.256,00 | 3.644,72 | 14.611,28 |
| 10 | Мултикор кабел со табани Adam Hall Cables K 32 C 30 D | 2020 | 1 | 38.136,00 | 7.614,78 | 30.521,22 |
| 11 | Микрофони со 10м Каблови Shure PGA48-XLR-E | 2020 | 20 | 64.994,00 | 12.977,91 | 52.016,09 |
| 12 | Држачи за микрофони K&M 27195 | 2020 | 16 | 38.996,00 | 7.786,70 | 31.209,30 |
| 13 | Комплет за напојување, каблови и изводници за струја | 2020 | 1 | 21.505,00 | 4.078,53 | 17.426,47 |
| 14 | ЦД плеер со CD Denon DN-300CMKII | 2020 | 1 | 12.377,00 | 2.471,17 | 9.905,83 |
| 15 | 9 x 8 W QUAD LED во боја RGBW PAR светло во црно куќиште EUROLITE LED PAR-56 QCL | 2020 | 6 | 44.731,00 | 8.484,01 | 36.246,99 |
| 16 | 18 x 8W QUAD LED во боја RGBW PAR светло во црно куќиште Cameo P ST 64 q 8W | 2020 | 9 | 155.699,00 | 31.088,69 | 124.610,31 |
| 17 | 512-канален DMX интерфејс и контролен софтверски пакет Cameo DVC | 2020 | 1 | 16.057,00 | 3.206,56 | 12.850,44 |
| 18 | 54-канален DMX контролер Cameo CONTROL 54 | 2020 | 1 | 5.257,00 | 1.050,11 | 4.206,89 |
| 19 | ЛЕД подвижна глава Cameo AURO SPOT 200 | 2020 | 2 | 100.359,00 | 20.039,09 | 80.319,91 |
| 20 | 7 x 15 W RGBW LED Неограничувачки Подвижна Глава Cameo AURO BEAM 150 | 2020 | 2 | 85.066,00 | 16.984,95 | 68.081,05 |

**Член 2**

Движните ствари од член 1 се даваат без надомест на трајно користење на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија.

**Член 3**

ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија се обврзува ствапите од Проектот "Опремување на повеќенаменска сала на Дом на култура во Демир Капија (звучни кутии, микрофони, звучници, светла и др.)", да ги внесе во

евиденцијата на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 424/9
31.05.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за примање и давање на користење на движни ствари-опрема на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија**

Се објавува Одлука за примање и давање на користење на движни ствари-опрема на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 31.05.2022 година.

Број 09 –444/7
01.06.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Демир Капија на IX-та седница одржана на ден 31.05.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За примање и давање на користење на движни ствари-опрема на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Демир Капија прима на користење без надомест движни ствари-опрема од Министерството за образование и наука и тоа 12 (дванаесет) таблети **lenovo** модел **tab m 10**.

**Член 2**

Движните ствари од член 1 на оваа Одлука Општина Демир Капија ги дава на користење без надомест на ООУ Димче А.Габерот Демир Капија и истите се наменети за ученици од четврто и петто одделение кои припаѓаат на групата од ранливи категории.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 424/10
31.05.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програма за измена и дополна на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2022 година**

Се објавува Програма за измена и дополна на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2022 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 31.05.2022 година.

Број 09 –444/8
01.06.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.05/02) и член 40 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/2020), Советот на Општина Демир

Капија на седницата одржана на ден 31.05.2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за измена и дополна на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2022 година**

Член 1

Со оваа програма се врши измена и дополна на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2022 година (Сл.гласник на Општина Демир Капија бр.13/2021).

Член 2

Во програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2022 година,

1. Во глава **V. ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ** се додаваат пет нови точки кои гласат:

**15. Урбанистички проект со план за парцелација на КП 766, дел од КП 771 и дел од КП 850/1, КО Прждево, Општина Демир Капија од Урбанистички план вон населено место за изградба на Е2 – Комунална супраструктура – Фотоволтни централи на КП 766, дел од КП 771 и дел од КП 850/1, КО Прждево, Општина Демир Капија (одлука бр.08-178/8 од 04.03.2022)**

**16. Урбанистички проект со план за парцелација на КП 21/1, КП 21/2, КП 230/2, КП 230/1 и КП 1208, КО Бистренци, Општина Демир Капија од Урбанистички план вон населено место за изградба на Е2 – Комунална супраструктура – Фотоволтни централи на КП 21/1, КП 21/2, КП 230/2, КП 230/1 и КП 1208, КО Бистренци, Општина Демир Капија (одлука бр.08-178/7 од 04.03.2022)**

**17. Урбанистички проект со план за парцелација на КП 256 и дел од КП 21/1, КО Бистренци, Општина Демир Капија од Урбанистички план вон населено место за изградба на Е2 – Комунална супраструктура – Фотоволтни централи на КП 256 и дел од КП 21/1, КО Бистренци, Општина Демир Капија (одлука бр.08-178/6 од 04.03.2022)**

**18. Урбанистички проект со план за парцелација на планскиот опфат на ЛУПД за изградба на лесна индустрија покрај магистралникот пат Скопје-Гевгелија на дел од КП 15 КО Челевец, Општина Демир Капија (решение бр.УПI10-44/4 од 18.01.2017)**

**19. Урбанистички проект со план за парцелација на планскиот опфат на ЛУПД за изградба на лесна индустрија покрај магистралникот пат Скопје-Гевгелија на дел од КП 160, КП 126/2, КП 15 и КП 125 КО Челевец, Општина Демир Капија (решение бр.УПI10-45/4 од 18.01.2017)**

Член 3

Програмата влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Демир Капија.

Број 08 – 424/11
31.05.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија,

Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за давање Согласност на Правилник за внатрешна организација на работни места и Правилник за систематизација на работните места во Јавната општинска установа за деца – Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија**

Се објавува Решение за давање Согласност на Правилник за внатрешна организација на работни места и Правилник за систематизација на работните места во Јавната општинска установа за деца – Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 31.05.2022 година.

Број 09 –444/9
01.06.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 5/2002) и член 116 став 1 алинеја 8 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20 и 294/21), Советот на Општина Демир Капија на IX-та седница одржана на 31.05.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За давање Согласност на Правилник за внатрешна организација на работни места и Правилник за систематизација на работните места во Јавната општинска установа за деца - Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија**

1. Се дава СОГЛАСНОСТ на Правилник за внатрешна организација на работни места во ЈОУДГ "Борис Трајковски"- Демир Капија бр.01-58/1 и Правилник за систематизација на работните места во ЈОУДГ "Борис Трајковски"- Демир Капија бр.01-59/1, донесени од Управниот одбор на установата од 20.05.2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 424/12
31.05.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за именување на Командант, Началник и членови на Општинскиот штаб за заштита и спасување**

Се објавува Решение за именување на Командант, Началник и членови на Општинскиот штаб за заштита и спасување, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 31.05.2022 година.

Број 09 –444/10
01.06.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 2 од Уредбата за начинот на раководење и командување со силите за заштита и спасување и командите (“Службен весник на РМ" бр.18/06), Советот на општина Демир Капија на седницата одржана на ден 31.05.2022 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување на Командант, Началник и членови на Општинскиот штаб за заштита и спасување**

1. **Се формира** општински штаб за заштита и спасување на територијата на општина Демир Капија во состав:

За **Командант** на општинскиот штаб за заштита и спасување на општина Демир Капија се именува

- **Андон Крстевски** – Претседател на Советот на општина Демир Капија;

За **Началник** на општинскиот штаб за заштита и спасување на општина Демир Капија се именува

- **Младен Петров** – одговорен државен службеник за заштита и спасување од општинската администрација;

2. За **помошници на Началникот** за заштита и спасување се именуваат:

- **Петар Јованов** – претставник на ЈКП “Бошава“ Демир Капија;
- **Блаже Димитриев** – претставник на ЈП “Национални шуми“ подружница Демир Капија;
- **Слободан Чапов** – претставник на ЈП “Национални шуми“ подружница Демир Капија;
- **Зоран Честоев** – претставник на Доброволно противпожарно друштво Демир Капија;
- **Димитар Велков** – претставник на ЖРСМ - Инфраструктура;
- **Дејан Трајков** – претставник на “Македонија Пат“ пункт Демир Капија;
- **Тони Петков**– Раководител на Сектор урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР, општинска администрација;
- **Јулијана Гацева** – претставник, општинска администрација;

3. Со денот на влегување во сила на ова Решение престанува да важи Решението за именување на Командант, Началник и членови на штабот за заштита и спасување на општина Демир Капија бр. 08- 408/7 од 27.04.2018 година.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 424/13
31.05.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ. бр. 5/02), член 29, член 30 и член 38 од Законот за културата (Службен весник на РМ бр. бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), Градоначалникот на општина Демир Капија донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За избор на директор на општинска установа Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија**

**1.** За директор на јавната општинска установа Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија се избира:

**- ОРДАНА НИКОЛОВА** од Демир Капија, со завршен VII/1 степен на високо образование – дипломиран биолог.

**2.** Директорот од точка 1, со мандатот на раководењето со Јавната општинска установа Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија, ќе отпочне од ден 22.04.2022година, во траење од 4 (четири) години.

**3.** Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

По јавниот оглас број 04-283/1 објавен на ден 07.04.2022 година во дневните весници Слободен печат, Вечер и Коха за избор на директор на Јавната општинска установа Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија, спроведена е постапка за избор.

По спроведената постапка градоначалникот на општина Демир Капија изврши избор на кандидат и донесе одлука за избор на директор број 04-283/6 од 18.04.2022 година.

Врз основа на горенаведеното, по завршувањето на постапката за избор и конечноста на одлуката за избор, се донесе решение како во диспозитивот.

Број 04 –283/10
18.04.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ“бр.05/02) и член 23 став 2 и став 3 од Законот за јавните претпријатија (“Службен весник на РМ“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12,119/13,41/14,138/14,25/15,61/15, 39/16,64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19 и 89/22), Градоначалникот на општина Демир Капија донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За избор на Директор на јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА од Демир Капија**

**1.** За Директор на јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА од Демир Капија се избира:

**- ПЕТАР ЈОВАНОВ од Неготино, дипломиран менаџер по царина и шпедиција**

**2.** Директорот од точка 1, со мандатот на раководењето со јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА од Демир Капија, ќе отпочне од ден 04.06.2022 година, во траење од 4 (четири) години.

**3.** Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Демир Капија“.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 19-а од Законот за јавните претпријатија, Градоначалникот на општина Демир Капија донесе Одлука бр.04-298/1 од 12.04.2022 година за распишување јавен конкурс за избор на директор на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА од Демир Капија.

По јавниот конкурс за избор на директор на јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА од Демир Капија објавен во дневните весници Слободен печат, Вечер и Коха од ден 15.04.2022 година, спроведена е постапка за избор согласно Законот за јавните претпријатија.

По спроведената конкурсна постапка, врз основа на записникот бр.04-298/6 од 27.04.2022 година од Комисијата за прегледување на документите од пријавени кандидати по јавниот конкурс, Градоначалникот на општина Демир Капија го изврши изборот на кандидат и донесе Одлука за избор бр.04-298/7 од 11.05.2022 година.

Врз основа на горенаведеното, по завршувањето на постапката за избор и конечноста на одлуката за избор, се донесе решение како во диспозитивот.

Број 04 –406/1 Градоначалник на
19.05.2022 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.